42381

ВЕЧЕР ☆ 22 февруари 1996 година 10109, 12,

КУЛТУРА

### КОРЕГИРАНА ВАРИЈАНТА НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРА

# СТЕНД БАЈ ЗА ДРЖАВНИОТ ИНТЕРЕС

**● КОИ ИНСТИТУЦИИ ЌЕ БИДАТ ОД ДРЖАВЕН ИНТЕРЕС ВЛАДАТА ЌЕ ОДЛУЧИ СО ПОСЕБЕН АКТ**
**● ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА, РЕЧИ СИ, ИСТОВРЕМЕНО ИЗЛЕГОА И ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ НА СЕПАРАТНИТЕ ЗАКОНИ ЗА КУЛТУРА (ПО ДЕЈНОСТИ) КОИ СЕ ВО КОЛИЗИЈА СО ПРЕДЛОГОТ НА, СИСТЕМСКИОТ, ЗАКОН ЗА КУЛТУРА**

Предлогот на, системскиот, Закон за култура по вторпат излезе од Министерството за култура, сега во прочешлана и финиширана (во однос на предлозите) варијанта и од 8 овој месец е и во владина процедура. Следува негово „чешлање" во владините комисии, па на Влада, па на парламентарната комисија и на крај во Парламентот.

**Корегираната варијанта на предлогот на Законот за култура, практично воопшто во споредба со претходниот текст не го менува костурот на системските решенија и правилата на игра по кои ќе се однесуваат сите институции од областа на културата. А ако одиме по принципот на тон листа на корекциите тогаш важно е дека во овој Предлог Закон за култура остануваат категориите на институциите за култура: државни, локални и приватни, но притоа предлагачот не ги наведува нивните имиња. За нив ќе одлучи Владата со посебен акт што ќе го донесе откако ќе биде изгласан Законот за култура. Меѓу измените е и бришењето на предлогот за формирање Дирекција на културата (како координативно тело на манифестациите и домовите на културата), а тоа значи дека и за нив дополнително ќе се донесат акти со кои ќе се одреди статусот и на манифестациите и на домовите на културата.**



ЗА СТАТУСОТ ДОПОЛНИТЕЛНО: ДРАМСКИ ТЕАТАР

Меѓутоа, деновиве во институциите за култура стана страшно актуелно и писмото што до нивна адреса стаса од Министерството за култура во кое тие се информираат да ги сопрат или да не преземаат никакви активности за (ре)избор на директори! Причината е Уставниот суд на Македонија! Тој пред крајот на годината, дефинитивно, го укина Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружен труд! Уште еднаш да нема забуни: до вчера (значи до писмото) институциите од областа на културата работеа на принципот на самоуправување и по ЗЗТ!

**Уставниот суд, веројатно, даде шлагворт, од истиот предлагач на системскиот Закон за култура – Министерството за култура, но од други канцеларии и автори: Златко Теодосиевски (во својство на заменик министер) Ѓорѓи Бојчевски (од правна служба) и неколкумина помошници службеници во Министерството напоредно да изготват измени на сепаратни закони за култура и тоа по дејности: за сценско–уметничка дејност, за музејска и за библиотечна дејност. Тие се во форма на Предлог – закон упатени за усвојување по скратена постапка! Образложението од предлагачите до Парламентот е неопходноста на нивна усогласеност со Уставот на РМ.**

Но, во очи веднаш паѓа дека сепаратните и системскиот Закон за култура ќе паѓаат во колизија. Прво: дека сите сценско–уметнички организации и други институции во сепаратниот Закон се предлага да работат како јавни установи! Во превод: сите до еден театри, меѓу кои и „Чекори", „Скрб и утеха"... дури и приватните се од државен интерес! Второ: директорот го бира министерот за култура со мандат од четири години а во системскиот е многу чисто во тој однос: го бира основачот! Во државните, значи, Владата на РМ!

**И во предлогот на Законот за музејска дејност има „мала" но привлечно суштинска дополна: во матични музеи на РМ, освен Музеите на Македонија се промовира и Музејот на современа уметност (кој е формиран од градот Скопје), кој на овој начин би добил ингеренции да биде главен координатор и одлучувач за работата на сите галерии и музеи кои излагаат творештво!**

Се шушка дека брзањето за донесување на овие закони е пикот што некои функционери од министерството за култура го имаат кон конкретно директорско место!

**Ц. Зојчевска**